Врз основа на член 153 - е став 3 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08) Собранието на Фармацевтската комора на Македонија на седницата одржана на 27.2.2009 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за облиците на стручното усовршување, критериумите за распоредување на облиците и бодовите за обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата

### Член 1

Во Правилникот за облиците на стручното усовршување, критериумите за распоредување на облиците и бодовите за обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областта на фармацијата ("Службен весник на Република Македонија", бр. 103/07) во член 14 во ставот 1 точката 6 се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| "6. Симпозиуми: | активно учество | 11 бодови |
| | пасивно учество | 8 бодови" |

Точката 10 се менува и гласи:

"10. Студиски престој во траење најмалку една седмица: од 1 до 8 бодови за секоја седмица престој."

### Член 2

Во член 15 во ставот 1 точката 1. Конгрес станува точка 3.

Точката 2. Годишен состанок на стручно здружение станува точка 4;

Точката 3. Семинар станува точка 5, и истата се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| "5. Семинар | активно учество | до 12 бодови |
| | пасивно учество | до 8 бодови" |

Точката 4. Симпозиуми станува точка 6, и истата се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| "6. Симпозиуми | активно учество | до 9 бодови |
| | пасивно учество | до 6 бодови" |

Точките 5, 6 и 7 стануваат точка 7, 8 и 9

Точката 8. Студиски престој се брише.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за здравство.

Бр. 02-155/2<br>27.2.2009 год.

Претседател на<br>Фармацевтска комора на Македонија